Врз основа на член 32 точка 2 од Статутот на АФМ,Управниот одбор на Автомобилистичката Федерација на Македонија, **,** донесува

# Деловник за работа на Собранието,Управниот Одбор и Стручните Комисии

## I. Основни одредби и надлежности

**Член 1**

Со овој деловник за работа се регулираат сите прашања околу свикување на седници, начин на работа и одлучување, извршување на донесените одлуки, како и останати прашања значајни за работа .

Одредбите од овој деловник ги обврзуваат сите членови и сите спортски функционери, а ќе се применуваат и за останати лица кога истите присуствуваат на состаноци.

**Член 2**

Председателот ,односно неговиот заменик кој претседава со седниците е одговорен за правилна примена на одредбите од овој деловник.

**Член 3**

На седниците можат да присуствуваат и спортски функционери, и други заинтересирани по однапред поднесено барање за присуство, доставено не подоцна од 8 дена пред почетокот на седницата, во кое задолжително се наведува причината за присуство и конкретното прашање по кое присутниот сака да се произнесе. Присуството е со одобрение на претседателот и без право на одлучување.

**Член 4**

Седниците се одржуваат по потреба.

Седниците се свикува според член 27 од Статутот на АФМ најдоцна 30 дена пред денот на одржување на истата.

Одржување на седница може да побараат и 1/3 од членовите на со писмено барање и образложение. Седниците се одржуваат во просториите на АФМ или каде ќе биде одлучено.

Седниците на ОАС,ОКС и стручните комисии, председателите ги свикуваат во координација со Претседател за спортна АФМ.

**Член 5**

Членовите се повикуваат да присуствуваат на седници по писмен пат, и на истите им се доставува дневен ред и материјали за седницата. Ако нема можност дневнит ред да се достави со поканата, истиот се утврдува на самата седница. Членови може да бидат повикани на седница или консултирани преку телефон. Известувањето за одржување на седница го врши Претседател за спорт.

**Член 6**

Пред почетокот на седницата се избира верификациона комисија и записничар. За да се отпочне со работа на седницата на истата за да има кворум за работа треба да има присаство на 2/3 од членовите со право на глас, а Одлуки се донесуваат со мнозиство на гласови, освен на седниците на Собрание кога се однесува за донесување и промена на Статут,промена на Претседател и членови на Управниот одбор на АФМ ,за што е потребно 2/3 гласови од присатните.

На дневниот ред на седницата се разгледуваат прашања од делокругот на нивните активности , расправите се одржуваат во разумен рок а одлуките се донесуваат во најкраток можен рок согласно потребите.

Доколку е потребно по точките на дневниот ред да се даде краток вовед, тоа го прави претседателот, предлагачот или известувачот по одредени точки од дневниот ред.

## II. Права и должности

**Член 7**

Членовите имаат право да учествуваат во расправите по сите точки од дневниот ред, да предлагаат одлуки и донесуваат заклучоци.

Одлуките и заклучоците се усвојуваат по пат на гласање на сите членови. Одлуките и заклучоците на Одборот за авто спорт како и на Одборот за картинг спорт се доставуваат до сите АК/АКК најдоцна 7 работни дена по донесувањето на истите и потпишувањето од страна Претседателот.

Секој член по секоја точка од дневниот ред може да се јави за расправа најмногу два пати.

**Член 8**

Прва точка на дневниот ред на седницата, секогаш е усвојување на записникот од предходната седница. Секој член има право да побара исправка на записникот ако записникот не содржи важни факти кој биле предмет на дискусија на предходната седница, или лоши и погрешни формулации на заклучоци и одлуки.

**Член 9**

Не присуство на седница секој член мора да го оправда и образложи до претседателот.

**Член 10**

Доколку претседателот му одреди на член, или на друго повикано лице или лице кое присуствува без одобрени на седницата, мерка одземање на збор или одстранување од седница, лицето или членот е должен да ја почитува.

**Член 11**

Секој член кој повеке од два пати по ред или три пати вкупно отсуствува од седница или ја напушти истата без одобрение на председателот или ја попречува работата на седницата, председателот може да поведе постапка за изземање од комисијата на членот и да предложи нов член.

**Член 12**

Седниците ги води претседателот, а во негово отсуство претседава потпретседателот.

**Член 13**

Претседавачот на седницата се грижи расправата да биде конструктивна и темелна, за секое прашање по кое се дискутира бидат донесени соодветни одлуки и заклучоци, и кои ќе обврзуваат за нивно извршување.

**Член 14**

Претседавачот дава збор на пријавените според редот по кој се пријавени. Секој учесник во расправите е должен своето мислење да го изложи по најкраток начин, конкретно и јасно, без да го повторува тоа што претходните говорници веке го изнеле. Не е дозволено навредување, омаловажување, и предизвикување на присутни и отсатни лица.

Ниту еден член или присатно лице нема право да зборува и да влегува во збор на другите говорници, ако не добил предходно збор од председателот.Секој таков престап ке биде санкциониран од председателот со опомена или одстранување од седницата.

## III. Одлучување на комисиите

**Член 15**

Комисијата може да одлучи расправата по дадени прашања да биде временски ограничена.

**Член 16**

Со јавна акламација избира заменик председател .

Мандатот на председателот и заменикот на комисијата е 4 години со можност за повторно да биде избран.

**Член 17**

Комисијата може да донесе одлуки и по пат на телефонски консултации и давање на согласност, а одлуките донесени на тој начин потребно е да бидат потврдени на првата наредна седница, записнички усвоени за време на усвојување на записникот од предходната седница на комисијата.

**Член 18**

Член на комисијата нема право на глас кога се одлучува за негово ослободување од местото член на комисија.

**Член 19**

Претседавачот може да ја прекине седницата во следните случаи:

- Кога се утврди дека нема кворум за работа и одлучување,
- Кога се наруши текот на одржување на седницата,
- Кога треба да се извршат дополнителни консултации за некој прашања,
- Ако седницата трае долго,

Во случај на прекин на седницата, веднаш се закажува продолжеток на истата.

**Член 20**

На секоја седница се води записник од страна на записничар, и се доставува до Претседателот за спорт на АФМ.

Записникот мора да го содржи следното:

- Место, датум и време на одржување,
- Име на сите присутни членови на комисијата и останатите присутни,
- Дневен ред на седницата,
- Име на дискутантите и важна содржина од дискусијата,
- Број на гласови за, против и воздржани за време на гласењето,
- Изречени мерки за време на одржување на редот на седницата.

Записникот се изработува во претходно утврден број примероци кој се потпишуваат од претседавачот и записничарот.

# IV. Соработка на комисиите

**Член 21**

Официјалната соработка меѓу спортските функционери,стручните комисии, Одборите за авто и картинг спорт и Управниот Одбор се одвива според следниот принцип:

- Натпреварувачите и спортските функционери своите барања за информации и конкретни прашања ги доставуваат до матичниот АК/АКК на кое припаѓаат. Доколку матичниот АК/АКК смета дека не е компетентно да даде одговор, истите ги проследува во писмена форма до Претседателот за спорт. Претседателот за спорт дава одговор на истите и доколку е потребно врши консултација со Стручната комисија.
- Секој АК/АКК доколку сака да се обрати писмено до ОАС,ОКС или одредена Стручна комисија, тоа го прави преку Претседателот за спорт на АФМ
- ОАС,ОКС и Стручните комисии своите барања и дописи ги доставуваат исклучиво преку Претседателот за спорт, а како највисока инстанца до која истите може да се проследат за решавање е Управниот Одбор на АФМ

# V. Службени патувања на функционерите и членови на комисиите

**Член 22**

Одбрите за авто и картинг спорт на АФМ донесуваат одлука за присуство на спортски функционери на натпревари, и семинари. При донесување на одлуката зависно од настанот на кој треба да се присуствува, може да се консултира Претседателот за спорт на АФМ .

Составот на делегацијата која ќе присуствува на натпревари или семинари може да биде составена од:

-Претседател за спорт

-Членови на Одборот за авто спорт како и на Одборот за картинг спорт, стручни комисии на АФМ по дисциплини, соодветна стручна комисија и спортски функционери зависно од настанот.

Во случај кога одреден спортски функционер е делегиран како член на одбор на меѓународен натпревар, истиот присуствува на натпреварот без одлука на У.О на АФМ, а за своето присуство поднесува писмен извештај.

За присуство на конгреси и комисии на FIA и CIK, на предлог на ОАС и ОКС на АФМ,одлука донесува претседателот на АФМ, а учесниците кој ќе присуствуваат на истите доставуваат писмен извештај до ОАС и ОКС на АФМ.

## VI. Завршни одредби

**Член 23**

Овој деловник стапува на сила на денот на неговото донесување.

**Член 24**

Измени и дополнувања на овој деловник се вршат по иста постапка која е предвидена за негово донесување.

**АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА МАКЕДОНИЈА**
***УПРАВЕН ОДБОР***
***Претседател:***

**Павле Доневски**
**с/р**